ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 145 – 1/2008
Загреб, 11. 10. 2008.

# З А П И С Н И К

од **2. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **11.10.2008. година** со почеток во **12.45 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Н. Гроздановски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб, З. Петровски – Пула и И. Дуноски – Риека.

**Отсутни:** Ј. Цветичанин – Осиек.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Давчевски, претс. на Советот на МНМ за Град Риека, М. Апостоловска, гл. уредничка на „М. глас“ и К. Атанасовски, потпретс. на МКД од Осиек.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни, а потоа го прочита дн. ред за истата. Н. Гроздановски предложи да се додаде уште една точка која би била ставена трета по ред и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** со тоа дополнување, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. **Усвојување на записникот од 1-та седница на УО;**
2. **Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2008.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;**
3. **Донесување на констатации за критериумите за предлагање кандидати за самоуправните тела на Заедницата и државните институции;**
4. **Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2008. godine“;**
5. **Договор околу реализацијата на програмите до крајот на оваа година и усвојување на донесените одлуки – „Ден на ЗМРХ„ 11. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во Загреб, Рацинов ден „Бели мугри„ во Самобор, промоции на книги издадени од Заедницата;**

6. Договор за План и програма на работа за 2009. година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и усвојување на донесените одлуки;
7. Договор за барањата на главната и одговорна уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска и Редакцискиот одбор и усвојување на донесените одлуки;
8. Донесување и усвојување на Правилник за регулирање на правата и трошоците за службените патувања преку Заедницата;
9. Донесување на одлука за одржување на проширена седница на УО на Заедницата со присуство на претставниците на сите македонски асоцијации во РХ;
10. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имовинската состојба на Заедницата за 2008. година и ќе направи записник;
11. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 1. седница со забелешка од Б. Штерјов во иднина освен одлуките, и важните расправи кои се водат на седниците да бидат спомнати во записникот (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше припремен и предаден од страна на друштвата (освен Осиек и Задар) и Заедницата (прилог). По предлогот од минатата седница, на паното во собата за состаноци беше истакнат Календарот на настаните на Заедницата и друштвата во 2008 година кој го подготви секретарката. Б. Штерјов рече дека во иднина Информаторите треба да бидат исполнети со настапи на секциите на друштвата, бидејќи тие се огледало на работата за која се добиваат финансиски средства. Н. Гроздановски констатираше дека е време да се престане со допишувањето и изјавите на деманти со А. Оџаклиески да не се поистоветиме со неговите постапки. Во врска со дописот кој пристигна од Агенцијата за иселеништво на РМ за избор на предлог-кандидат за член на Иселеничкиот совет, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го именуваа** Н. Гроздановски.

**Ад. 3.** За оваа точка, Н. Гроздановски веднаш нагласи дека неговите изјави не се критики туку само констатации. Рече дека не е во ред што А. Митревски, како претседател на Заедницата, иако чесен и амбициозен, прифатил уште четири други функции кои би можеле да ги вршат и други способни членови, бидејќи пред сè, тоа е големо временско оптеретување за квалитетно извршување на истите и дека ефикасноста ќе биде поголема ако работата се подели. Напомена дека тој, како член на Советот за нац. малцинства на РХ, сèуште не поднел извештај за досегашната работа на Советот. Исто така, во работата на Заедницата треба да се вклучат што повеќе реномирани македонски интелектуалци за програмите да добијат посериозен карактер, бидејќи приоритетот на Заедницата е да се афирмира работата на Македонците од Хрватска, а не на Македонците од Македонија. Потребна е и поплодна комуникација, координација и советување меѓу друштвата, особено меѓу членовите на УО. Како одговор на оваа прозивка, Митревски рече дека по ветувањето што го даде на последното Собрание, неговата оставка на функцијата претседател на Заедницата е ставена на располагање на членовите на УО, а најкасно до идното редовно Собрание, кога ќе ја поднесе неоповикливо. Што се однесува до извештаите за досегашната работа на Советот, рече дека досега бил одржан само еден состанок на кој не се расправало за македонското малцинство. Кога ќе биде актуелна темата за предлагање на програми за 2009 година и распределба на финансиските средства, тогаш ќе се состане и УО на Заедницата и членовите ќе ги изнесат своите предлози. За организирање трибина, Митревски постави прашање кој би сакал да го превземе тоа, на што Н. Гроздановски се прифати да ја организира во Загреб. За распределба на средствата за аматеризмот на друштвата, Митревски рече дека таа ќе се врши според настапите и активностите на секциите, додека за реализација на гостувања на ниво на Заедницата во Македонија (фолклорни, пејачки и сл. групи), првенствено се потребни покани од домаќините.

**Ад. 4.** **За кварталното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2008. godine“** за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и деновиве ќе биде предаден до Советот (прилог), заедно со Извештаите на друштвата. Б. Штерјов рече дека од страна на МКД „Охридски бисер„ сѐуште не е направена детална разработка за реализација на култ. маниф. „Рацинов ден – Бели мугри„ во Самобор, со што би се образложило барањето на друштвото за доделување на уште 10.000,00 кн. од средствата на Заедницата наменети за „М. глас„. Потоа секретарката Е. Петровска ги извести присутните за моменталната финансиска состојба на Заедницата со предвидените трошоци до крајот на оваа година (сите досега реализирани програми на ниво на Заедницата ги надминаа наменските средства, освен програмите реализирани во организација со друштвата од Осиек и Задар) и врз основа на изнесеното, кажа дека средствата се недоволни за да се заврши солвентно годината, па ги замоли присутните на крајна економичност со нивното располагање. Исто така апелираше на изнаоѓање на модус кој таа криза позитивно ќе ја реши. М. Апостоловска се понуди да разговара со претставништвото на „Агроплод„ од Ресен да се види дали тие би покажале интерес да и донираат на Заедницата одредени парични средства. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Извештајот заедно со трошковниците и патните налози.

**Ад. 5.** Претс. А. Митревски повторно го потсети Б. Штерјов, друштвото од Загреб да направи детална разработка за реализација на култ. маниф. „Рацинов ден – Бели мугри„ во Самобор и ако е во можност, да најде донации за истата. Кажа и тоа дека за овој понеделник е планиран состанок со претставниците на Поглаварството на Град Самобор за договор околу поставување на нова биста на К. Рацин. За настапот на 11. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во Загреб, Митревски рече дека утрешната маниф. „Ден на ЗМРХ„ ќе биде всушност проба за тој настап, и кое друштво ќе се покаже најдобро, тоа друштво ќе настапува оваа година во Лисински, а оркестарот ќе биде од Заедницата. За минутажата на настапот и бројот на луѓето, рече дека тој ќе си земе обврска да го реши тоа со Советот. Поради заштеда на средствата за маниф. „Ден на ЗМРХ„ З. Петровски во името на друштвото од Пула, а во корист на Заедницата, рече дека сметката за превозот на автобусот со учесниците ќе ја плати друштвото од Пула, а воедно тој лично се откажа и од исплатата на неговите патни трошоци за оваа седница. За промоциите на книгите во Загреб, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** да се направи промоција на книгата „Денови на браќа Миладиновци„ од Б. Јовановски и евентуално уште на некоја книга која ќе излезе од печат до крајот на годината.

**Ад. 6.** За Планот и програма на работата за 2009. година, Митревски рече дека деновиве треба да излезе Јавниот повик и кога ќе се знае рокот за предавање на истите, 15 дена пред неговиот истек, членовите на УО ќе се состанат за заеднички и реално да одлучат кои програми ќе се припремат и предадат во Советот, а на него, како член на Советот, му претстои обврска да ги брани и да се избори за нивната реализација. Овој предлог, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**.

**Ад. 7.** Во врска со барањата од гл. уредничка на „Македонски глас„ М. Апостоловска (прилог), претс. А. Митревски рече дека се разумни и дека треба да им се посвети внимание. Во последно време „Мак. глас„ стана „претесен„ за сите информации кои се објавуваат, а и хонорарите за работата на списанието не се менувале повеќе од 3 години. Поради тоа, со идејата „Мак. глас„ да биде двомесечник од идната година, ќе се решат две најважни работи – вестите ќе бидат актуелни и ќе има доволно простор за објавување на сите важни информации. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го**

**усвоија** барањето по сите 5. точки (2. точка членовите на УО со јавно гласање **ја усвоија со 5 гласови за и 1 воздржан глас**).

**Ад. 8.** Членовите на УО се изјаснија дека го проучиле предлогот за Правилникот за регулирање на правата и трошоците за службените патувања (прилог), кој беше изработен од М. Давчевски и проследен со останатите материјали. Се поведе расправа за празните полиња во предлогот, и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Правилникот за службените патувања **со следните дополнувања**:

- Член 4., ставка 1., алинеја 1.: „kada put traje duže od 3 dana";
- Член 4., ставка 1., алинеја 2.: „kada ukupni troškovi službenog putovanja prelaze iznos od 2.500,00 kn., kada odluku o službenom putovanju donosi Upravni odbor";
- Член 9., ставка 2.: „Nakon završetka putovanja, a najkasnije 3 dana, po obavljenom putovanju, podnosi se obračun troškova i izvještaj o službenom putovanju".

Врзано за Член 3., ставка 2. од Правилникот за службените патувања, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** службените патувања на претседателот на Заедницата со приватен автомобил, а поради присуствување на седниците на УО, да се исплатуваат по 1,00 кн./1 км. (50 % од важечките законски прописи).

**Ад. 9.** За оваа точка, М. Давчевски рече дека предлогот од минатата седница за Собир на кој би биле повикани сите македонски асоцијации во РХ (Заедницата, Советите на МНМ, МПЦО, претставници на МНМ на жупаниите и др.) и кои би расправале за проблемите и негативните појави како и нивната меѓусебна поплодна соработка во иднина, е сѐуште актуелен, но би се организирал како проширена седница на УО на иницијатива на Заедницата и би се одржувала еднаш годишно. За работната група е потребно да се именуваат 4 членови од Заедницата кои заедно со одбраните членови од останатите македонски асоцијации ќе бидат задолжени да ги припремат материјалите и програмата за одржувањето на таа седница под назив „Годишен македонски собир" (Godišnji makedonski skup). Целта на овој Собир е да се направи севкупна анализа на организациската структура на македонските асоцијации во РХ, нивната меѓусебна поврзаност и соработка, заедничката проблематика, анализа на состојбата, предлози, мислења и подобрување на заедничката соработка. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги именуваа** Ангел Митревски, Јагода Цветичанин, Никола Гроздановски и Мирјана Мајиќ за членови на работната група од Заедницата, а Михаило Давчевски ја превзема обврската да биде секретар и записничар на работната група. Исто така, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** секој да си ги подмирува своите трошоци за одржувањето на седниците на работната група и Собирот (на пр., трошоците на делегатите од Заедница ќе се подмируваат од Заедницата, на делегатите од Советите ќе се подмируваат од Советите итн.).

**Ад. 10.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Никола Гроздановски, Благој Штерјов, Орце Ламбевски и Елизабета Петровска.

**Ад. 11.** Под точката разно, Митревски повторно нагласи дека неговата оставка на функцијата претседател на Заедницата ја става на располагање на членовите на УО. Тој рече дека не сака да го злоупотребува даденото му поверение, а и временски му е големо оптеретување да врши пет функции одеднаш. Поради тоа, а доколку останатите членови

не одлучат поинаку, тој рече дека ќе ја доврши превземената задача до редовното Собрание на кое ќе поднесе неоповиклива оставка. Се поведе расправа и по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** ова прашање да остане за дискусија за идната седница. Потоа, членовите на УО расправаа за уште неколку прашања по кои, со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- На утрешната културна манифестација „Ден на ЗМРХ„ да се доделат благодарници од Заедницата на: д-р Никола Гроздановски, прв претседател на Заедницата, проф. Благоја Јовановски, прв претседател на МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек, Владимир Апостолски, претставник на МНМ за СДЖ и прв претседател на МКД „Македонија" од Сплит, Михаило Давчевски, претседател на Советот на МНМ за Град Риека и прв претседател на МКД „Илинден" од Риека, Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска и Советот за национални малцинства при Владата на РХ;
- Се прифаќа молбата на Костадинка Велковска (прилог), Заедницата да биде соорганизатор и да посредува добивање на 20.000,00 кн. од Советот за национални малцинства на РХ за нејзиниот јубилеен концерт кој ќе се одржи во февруари 2009 г. во Загреб, доколку Советот ги одобри тие средства;
- МКД „Билјана„ од Задар до крајот на оваа година да одржи проширена седница на УО на Друштвото (со членовите на НО и Судот на честа на Друштвото) на кој ќе присуствуваат и два члена од УО на Заедницата (Б. Штерјов и И. Дуноски), за да се реши проблематиката во врска со барањето на Ж. Силавски;
- Се одобрува подмирувањето на сметката за поправка, одржување и сервисирање на грејниот плински систем (радијатори, бојлери) во просториите на Заедницата во износ од 9.619,70 кн.;
- Се одобрува да се реновира канцеларијата на Заедницата со кречење и останатите потребни припреми за најекономична понуда која ќе се добие;
- Се даруваат вкупно 20 примероци на книгите „Прометеи македонски„ и „Крлежа и Македонија„ (по десет од секоја) на авторот О. Бојаџиски на негово барање (прилог);
- Се даруваат 30 примероци на книгата „Солзи полни насмевки„ на авторот Е. Петровска на нејзино барање.

По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **17.25** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски